Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 18**

**20.12.2023**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен**

1.Ја објавувам Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен, донесена на вонредната седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 19.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1236/1** **Општина Демир Хисар**
**20.12.2023 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09), член 14 став 1, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), како и член 11 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), советот на Општина Демир Хисар на седницата оджана на ден 19.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу**
**Општина Демир Хисар и Општина Ресен**

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен.

Член 2

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку вршење на работи од областа на управување и располагање со градежно земјиште сопственост на РСМ, од страна на Општина Ресен, во име и за сметка на Општина Демир Хисар.

Член 3

За остварување на меѓуопштинската соработка ќе се склучи Договор за вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина, во смисла на одредбите од член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр.79/09).

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-1232/2<br>19.12.2023 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседател<br>Љупчо Најдовски с.р.

---

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Ресен--------1-2

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**<br>**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**<br>**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**<br>**Виолета Пајковска**